**Анкета за инфлациските очекувања и очекувањата за движењето на реалниот БДП**

**- декември 2019 г. -**

Анкетата за инфлациските очекувања и очекувањата за движењето на реалниот БДП[1] за периодот 2019 – 2021 година, спроведена во декември, не упатува на позначајни промени во очекувањата за просечната стапка на инфлација и очекуваниот раст на БДП. Имено, како и во претходната анкета, економските аналитичари очекуваат постепено забрзување на инфлацијата и на економскиот раст во следниот период.

Во однос на **инфлацијата**, очекувањата за 2019 година упатуваат на просечна стапка од 1,2%, што е помалку за 0,2 п.п. во споредба со претходната анкета, за 2020 година очекуваната стапка од 1,7% е за 0,1 п.п. пониска, додека за 2021 година очекувањата и натаму посочуваат на просечна инфлација од 1,9%. Испитаниците го објаснуваат умереното забрзување на инфлацијата во 2020-2021 година со повеќе фактори, како што се зголемената минимална плата, раст на цените на храната, повисоката домашна побарувачка, либерализацијата на домашниот пазар на електрична енергија, како и општиот раст на цените на примарните производи на светските берзи. Во поглед на **економската активност**, во споредба со претходната анкета, анкетираните аналитичари очекуваат минимално повисок реален раст на БДП од 3,2% за 2019 година, минимално понизок реален раст за 2020 година од 3,2%, додека за 2021 година очекувањата за раст од 3,5% се непроменети. Испитаниците ги поврзуваат ваквите очекувања со: остварениот раст во првите три квартали од годината, позитивните сигнали од олабавувањето на монетарната политика и владините мерки за поддршка на претпријатијата, остварувањето на капиталните инвестиции на државата, довербата и очекувањата на економските субјекти, очекуваната интеграција во НАТО и ЕУ, како и зголемувањето на инвестициската и извозната активност. Од друга страна, испитаниците очекуваат дека неизвесноста поврзана со вонредните парламентарни избори во 2020 година ќе се одрази преку воздржаност на домашните инвеститори и пониско остварување на јавната потрошувачка.







[1] Во 2017 година, Народната банка на Република Северна Македонија направи промена во анкетното истражување „Анкета за инфлациските очекувања", коешто е преименувано во „Анкета за инфлациските очекувања и очекувањата за движењето на реалниот БДП", чијашто нова структура го следи кварталниот прашалник за професионални прогнозери (Quarterly Survey of Professional Forecasters, https://www.ecb.europa.eu/stats/ecb_surveys/survey_of_professional_forecasters/html/index.en.html), што го спроведува Европската централна банка (ЕЦБ), а воедно ја промени и структурата на примерокот, којшто сега е составен само од економски експерти.

Во рамки на Анкетата испитаниците даваат и свој поглед за **распределбата на веројатноста за остварување определени стапки во зададен интервал**. Овие оцени се користат за создавање на агрегатната распределба на веројатностите[2]. Агрегатната распределба на веројатностите за остварување на дадените стапки на инфлација и БДП во петнаесет интервали се прикажани на следниве графикони, а резултатите главно се совпаѓаат со стапките коишто ги очекуваат испитаниците.










Во согласност со очекувањата за пониска просечна **стапка на инфлација** за 2019 и 2020 година, во однос на претходната анкета, распределбата на веројатностите упатува на поместувања на веројатностите од интервалите со повисоки вредности кон пониските интервали. За 2021 година, при непроменети очекувања за стапката на инфлација, исто така, се забележуваат надолни поместувања на веројатностите, од интервалите со повисоки вредности кон пониските интервали. Сепак, како и во претходната анкета, веројатностите и натаму се концентрирани во интервалот на очекуваната стапка на инфлација.

[2] Агрегатната распределба на веројатностите претставува просек од оценетите веројатности од испитаниците за секој интервал на очекувана стапка на инфлација и стапка на раст на БДП.










Споредбата на очекувањата за **стапката на раст на БДП** за 2019 година со распределбата на веројатностите упатува на поизразени поместувања на веројатностите во нагорна насока и нивна концентрација во интервалите од 3% до 3,9%, односно малку над очекуваната стапка на раст од 3,2%. За 2020 година, слично со очекувањата, и кај веројатностите се забележуваат мали поместувања во надолна насока, додека за 2021 година, поместувањата на веројатностите се кон интервалите со повисоки вредности и нивна концентрација во интервалот на очекуваната стапка на раст.